Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД
Бр. 0202 - 37 / 1
16.03.2026
СКОПЈЕ

Управниот одбор на Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје на седница одржана на ден 16.03.2026 год. ја донесе следната

# ОДЛУКА

**Член 1**

Се усвојуваат измените на Посебни услови за осигурување на апарати во домаќинството во период на продолжена гаранција бр.2019_0202_19 од 22.02.2019 година

**Член 2**

1. Во Член 2 зборовите „*УНИКА АД Скопје*" се заменуваат со зборовите „*СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје*"
2. Член 12 се пренумерира во Член 10
3. Член 13 се пренумерира во Член 11
4. Член 14 се пренумерира во Член 12
5. Член 15 се пренумерира во Член 13
6. Член 16 се пренумерира во Член 14
7. Во членот 13 кој станува Член 11 ПРАВНА СИТУАЦИЈА ПО НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРАН СЛУЧАЈ се додава нова реченица која гласи:

   *„Договорувачот,осигуреникот,корисникот и секое трето лице е должно да поднесе барање за надомест на штета на начин и рокови дефинирани со овие услови .Доколку истото лице поведе судска постапка за надомест на штета без да поднесе вонсудско барање за надомест на штета, или поведе судска постапка пред истек на рокот определен за осигурувачот вонсудски да даде одговор на поднесеното барање, таквата тужба согласно овие услови ќе се смета за преурането и неоснована, и трошоците за истата се на товар на тужителот."*

8. Во Членот 15 кој станува Член 13 НАДЛЕЖНОСТ ВО СЛУЧАЈ НА СПОР се менува и гласи:

   *„Во случај на спор помеѓу Осигурувачот од една страна и Договорувачот,осигуреникот, корисникот и/или секое трето лице од друга страна надлежен е Основниот граѓански суд Скопје."*

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила на 01.04.2026 година.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за правни работи, човечки ресурси и законска усогласеност, новите Услови да ги достават до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 дена од усвојувањето на оваа одлука,.

*Образложение:*

Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје, пристапува кон измена на постојните услови првенствено со цел за усогласување на новиот назив на Друштвото со текстот на самите услови за осигурување.
Дополнително, Друштвото пристапи и кон дополнување на условите во насока на дефинирање на обврската за пријава на штети и дефинирање на надлежен суд и застарување на побарување.

СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Претседател на Управен одбор
Дритон Азизи

SIGAL Insurance Group
Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Генерална дирекција